

**Желбите за иселување се поголеми од реалните планови за тоа**, покажаа резултатите од истражувањето на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Телевизија Телма на тема „ Задоволство од местото на живеење и планови за напуштање на Република Македонија “. Иако **39,2% од испитаниците трајно би сакале да ја напуштат земјата**, сепак, извесно е дека **тоа ќе го направат само 12,2%**, односно оние кои планираат да го направат тоа во следните 12 месеци.

Од резултатите може да се направи **профил на граѓанинот кој би сакал да се исели**. Тој/таа најчесто е жител/ка на Источниот регион, смета дека во Македонија не може да се напредува со напорна работа и не е задоволен/а со местото на живеење, има завршено средно или повисоко образование и е на помлада возраст.



*Доколку сте во можност, дали трајно би се преселиле во друга држава?*

**Профилот пак на граѓанинот кој најверојатно ќе се исели** покажува дека тој/таа најчесто е жител/ка на Североисточниот регион, има родини надвор од земјата кои ќе му помогнат, е на возраст помеѓу 15 и 34 години и најчесто е студент или невработен.

**Што се однесува пак до оние кои би останале во Македонија, според профилот тој/таа  најчесто е** жител на Полошкиот регион, смета дека во Македонија може да се напредува со напорна работа и задоволен/на е со местото на живеење. Нема завршено образование и е повозрасен/на.



*Доколку сте во можност, дали трајно би се преселиле во друга држава?*

**Трите најголеми причини за иселување се**: повисокиот животен стандард (25,0%), поголемите шанси да се најде работа (23,2%) и политичката ситуација (14,9%).

**Германија** е земјата во која би се иселиле најголем број од граѓаните (22,2%). Иако интересот е поголем за европските земји, сепак не е за занемарување дека во прекуокеанските САД, Австралија и Канада би се иселиле 37,5% од испитаниците.

За МЦМС и Телма, анкетата ја спроведе М-проспект. Податоците беа прибирани со телефонска анкета во периодот од 13 до 17 април 2017 година. Анкетата е спроведена на национален репрезентативен примерок од 1000 испитаници. Истражувањето е дел од проектот „ Топ тема на ваша страна “, што го поддржа УСАИД.